341.172:355.45(100) Original scientific article

# БЕЗБЕДНОСНИОТ РЕГИОНАЛИЗАМ НИЗ ПРИЗМАТА НА КОНЦЕПТИТЕ ЗА БЕЗБЕДНОСЕН КОМПЛЕКС И БЕЗБЕДНОСНА ЗАЕДНИЦА

# SECURITY REGIONALISM AND THE CONCEPTS OF SECURITY COMPLEX AND SECURITY COMMUNITY

М-р Александар ПАВЛЕСКИ
Филозофски факултет – Институт за безбедност, одбрана и мир.
E-mail: alekpavl@yahoo.com

АПСТРАКТ:

Овој труд го анализира значењето на регионалното/супсистемско ниво во објаснувањето на современите безбедносни динамики и релации. За таа цел, трудот посветува особено внимание на концептот за безбедносен комплекс и на концептот за безбедносна заедница. Тоа од причина што станува збор за концепти кои нудат соодветна основа за теориско објаснување на конекциите и поврзаноста на државите кои ја креираат нивната безбедност на регионално ниво.

**Клучни зборови:** регион, безбедносен регионализам, безбедносен комплекс, безбедносна заедница

ABSTRACT:

This article analyzes the contemporary security dynamics and relations of the states trough the main point and influence of regional/subsystem level. For that purpose, the article is specially focused on the concepts of security complex and security community. The fact that the concepts offer an acceptable possibility for theoretical analysis and explanation of the connections and relations that creates security on the regional level between the countries is the main reason for that.

**Keywords:** region, security regionalism, security complex, security community

## ВОВЕД

Проблематиката поврзана со безбедноста вообичаено се анализира од два аспекта т.е. нивоа: национално ниво (национална безбедност) и меѓународно ниво (меѓународна безбедност). Сепак, една од критиките на ваквото симплифицирано

гледање на нивоата за безбедност е дека на ниво на националната безбедност, државата е таа која е во центарот на интересот, додека системското и субсистемското ниво, како и влијанието на нивните динамики во овој случај се маргинализирани.

Истата критика се однесува и за меѓународното/глобално ниво, затоа што не постојат толку силни и јасни врски и поврзаност на глобално ниво кои би ги објасниле безбедносните релации на останатите нивоа, со исклучок на динамиката која ги објаснува релациите на суперсилите. Наспроти овие две: националното и меѓународното ниво, во рамките на средното субсистемско т.е. регионално ниво постојат многу повеќе безбедносни динамики каде што се прекршуваат националните и глобалните релации. На регионално ниво, безбедноста на одделни безбедносни актери/држави и влијанието на глобалните актери т.е. на суперсилите, може едноставно и соодветно да се перципираат преку безбедносниот регионализам. Всушност, средното, субситемско ниво, исто така, има голема важност во анализирањето на современите безбедносни динамики и релации. Во тој контекст, овој труд ја анализира значајноста на регионалните безбедносни динамики, низ призмата на концептите за безбедносен комплекс и безбедносна заедница.

## РЕГИОН, РЕГИОНАЛИЗАЦИЈА, РЕГИОНАЛИЗАМ

Од етимолошки аспект, поимот регион потекнува од латинскиот збор “region” што значи одредена област, подрачје или територија. Во литературата начелно се присутни два различни концепти за регионот. Според едниот поширок аспект, регионот претставува неинституционално одреден простор кој го карактеризираат одредени својства кои можат да бидат од различна природа: културна, историска, географска, демографска, јазична и сл. Во тој контекст, регионот се перципира како територијална единица која има специфични историски, социо-економски и културни карактеристики што формираат специфичен регионален идентитет и кои водат кон зачувување на тие специфичности како посебен интерес (Popoviċ, 2002).

Оттука, ваквото широко поимно определивање на регионот може да се сфати како едноставна поделба на државата на територијални единици според одредени карактеристики, при што таквата поделба не мора да биде поврзана со системот на владеење, ниту пак со политичкото уредување на државата. Во оваа широка концепција, спаѓа и поимот регион во меѓународен контекст. Имено, во оваа смисла регионот означува простор со својствени карактеристики според кои се разликува од опкружувањето, со тоа што тој простор го сочинуваат повеќе соседни држави поврзани со одредени заеднички цели и интереси.

Според другиот, потесен концепт, регионот, исто така, претставува одреден простор со специфични карактеристики, со таа разлика што во овој случај регионот

задолжително е елемент на постоечката политичко-територијална поделба. Тоа значи дека регионот е ескплицитен, политички елемент со прецизно утврден статус во нормативната регулатива. Затоа, во овој случај покрај прецизно утврдените граници на регионот, истиот поседува и одредени надлежности. Во таа насока, е и определувањето на регионот во рамките на Декларацијата за регионализам во Европа. Според декларацијата, регионот претставува субјект на јавното право, воспоставен на ниво под централната власт и истиот поседува политичка самоуправа. Декларацијата истакнува дека регионот треба да биде воспоставен и утврден со устав или со закон заради гарантирање на неговата автономија, власт и организациска структура. Ваквите регионални овластувања, варираат од држави до држави и поради тоа, Собранието на европските региони, разликува пет модалитети: 1) конституционални региони, кои имаат државни овластувања (Германија, Австрија, Белгија, Швајцарија); 2) региони со широка политичка и административна автономија (Шпанија, Италија); 3) региони во децентрализирани држави (Франција, Холандија, Полска, Чешка); 4) региони чијашто власт се формира посредно преку окрузи (Ирска); и 5) мали држави чијашто големина кореспондира со големината на регионот (Assembly of European Regions. 1996).

Процесот во кој националните власти или пак меѓународните субјекти креираат политика и истата ја пренесуваат кон регионите како адекватно ниво за нејзина реализација, е познат како регионализација. Ваквиот процес којшто е наполно централистички и технократски, особено е карактеристичен за државите членки на Европската унија (ЕУ).

Концептуално, спротивен процес на регионализацијата е регионализмот. Регионализмот се поврзува со идеологијата и политичкото движење кои ги одразуваат барањата на граѓаните на одредена територија (регион) за поголема контрола врз надлежностите во регионот и за воспоставување регионална власт. Според тоа, регионализмот како феномен е насочен *„од долу кон горе“*, тој е децентралистички и политички. Оваа појава е особено значајна во текот на последните 20 години. Врз успешноста на регионализмот влијаат мноштво фактори, како: политичката и економската култура, автономијата, социјалните приоритети, национално-историските корени и традиција, сепаратизмот и сл.

## БЕЗБЕДНОСЕН РЕГИОНАЛИЗАМ

Во теоријата постојат мноштво академски дефиниции за регионот во безбедносен контекст. Најчесто дефинициите варираат во зависност од нивните настојувања да го опишат, односно да го дефинираат регионот како концепт. Во тој контекст, регионот често се анализира низ призмата на група држави помеѓу кои постои

очигледна меѓузависност во однос на голем број различни прашања (Graham and Felicio, 2006).

Значајно за регионот како концепт за разлика од периодот на биполаризмот, е тоа што во современи услови тој стана исклучително влијателен во однос на безбедносната проблематика. Потврда за тоа претставува воведувањето и актуелизирањето на концептите за: *регионално соседство (regionhood)* и *регионалност*. Според Лагенхов, со поимот регионално соседство се прави обид да се разграничи еден регион од друг, додека со поимот регионалност се настојува да се опфатат историските, географските, економските, културните и социјалните состојби кои ги чинат овие разлики (Langenhove, 2003). На тој начин, всушност се прави дефинирање на регионот според неговото единство, според идентитетот и според опфатот на границите.

Во студијата за регионално соседство на Лангехов, регионот се дефинира како: „територијално базиран субсистем на меѓународниот систем“ (Langenhove, 2003: 26). Оваа дефиниција имплицира дека постојат повеќе видови регионални субсистеми со различна кохерентност. Имено, регионите може да се лоцираат на сите територијални нивоа. Постојат региони во рамките на државите, прекугранични региони на субнационално ниво, како и региони над државата т.е. на наднационално ниво. При дефинирањето на регионот и на неговите релации со безбедносните прашања, значајно е да се констатира дека иако голем број регионални договори и агенции при нивното етаблирање се повикуваат на одредбите од ООН, сепак Повелбата на ООН не содржи конкретна дефиниција за регион. Од друга страна, таа го опишува регионалниот договор *(regional arrangements)* како организација која врз постојана основа групира во одредена географска област неколку држави кои заради нивната блискост, заеднички интереси или културни, јазични, историски или духовни афинитети, стануваат заеднички одговорни за мирољубиво решавање на секој спор кој може да настане, како и за заштита на нивните интереси и за развојот на нивните економски и културни релации (Charter of the United Nations, 1945).

Според посочената дефиниција термините: договор *(arrangement)* и агенција *(agency)*, исто така ја детерминираат перцепцијата за регионот со тоа што договорот е дело на суверени држави воспоставен со потпишување документ, додека агенцијата функционира како меѓувладина организација со правен ентитет и со функционален секретаријат и седиште на агенцијата. Во практиката се смета дека не постојат суштински разлики помеѓу нив, иако и едните и другите се повикуваат на Глава VIII од Повелбата и се насочени кон задоволување на критериумите за решавање на локалните спорови, кон целите за нивно мирољубиво разрешување и кон субординација во однос на Советот за безбедност на ООН. Во тој контекст, регионалниот договор претставува унија на држави или меѓународна организација базирана на колективен договор или

устав и во согласност со целите и принципите на ООН, чија примарна задача е одржување на мирот и безбедноста под контрола и во рамките на ООН (Simma, 1995). Оттука произлегува дека бројот на членките на ваквиот регионален договор или агенција мора да е помал од бројот на членките на ООН и да биде поврзан според територијален принцип за да може ефикасно да ги применува процедурите за разрешување спорови.

Во практиката евидентно е дека државите членуваат во повеќе од една регионална или субрегионална групација т.е. организација. Во однос на самите организации, Советот за безбедност на ООН идентификува три категории: меѓународни; регионални и субрегионални организации. Во контекст на меѓународните организации на кои се применува Глава VIII од Повелбата (според критериумот за членство) може да се издвојат шест видови организации: 1) *глобални организации* – кои имаат универзално членство од сите региони во светот; 2) *транснационални организации* – кои имаат членство од сите региони во светот, но самото членство е базирано на селективни критериуми кои водат кон универзалност – политика, религија, култура; 3) *прекурегионални организации* — со операционален фокус на еден регион, а членството се проширува преку регионот; 4) *регионални организации* – со операционален фокус врз регионот и членството се поклопува или е блиско до регионот, без членство на надворешни држави; 5) *субрегионални организации* – кои имаат операционален фокус врз субрегионот во рамките на регионот, додека членството се совпаѓа со субрегионот, без надворешни членки; и 6) *прекусубрегионални организации* – имаат операционален фокус врз субрегионот, додека членството произлегува од него или од регионот, но не и надвор од него.

Во однос на регионалните организации, треба да се истакне и фактот дека често може да се констатира постоење на нејаснотии во однос на нивниот фокус и апликацијата на нивниот мандат. Имено, додека едни имаат сосема јасно дефиниран мандат, кај други тоа не е случај што потоа се провлекува како прашање дали и како организацијата треба да делува. Дел од нив имаат интерен фокус, додека дел имаат екстерен фокус, односно ориентирани се на субрегионално, регионално или глобално ниво. Големи разлики можат да настанат во ситуации кога фокусот на организацијата излегува и го надминува нејзиното членство.

Од теориски аспект, вообичаено се идентификуваат три форми т.е. генерации на регионални интеграции.

*Првата генерација* регионализам се однесува на линеарен процес на економски интеграции кој вклучува интеграција на националните економии во рамките на поголеми регионални економии. Овој процес е започнат со формирањето слободни економски зони за преку царинска унија и формирање заеднички пазар да се премине

во одредено ниво на економска унија. Таков е примерот со Западна Европа по Втората светска војна, која откако ја формираше Европската економска заедница (Рим 1957год.), премина кон воведување на царинска унија во 1968 година, потоа кон единствен економски пазар (80-тите год. на минатиот век), а од 2002 година воведе и заедничка валута.

*Втората генерација* регионализам или т.н. нов регионализам, ги опфаќа политичките димензии на интеграциите. Новиот регионализам тргнува од претпоставката дека економијата и трговијата не можат да бидат изолирани од другите сфери на општеството и дека не-економските аспекти се исто така значајна сфера на интеграциите. И во овој случај, ЕУ е соодветен пример затоа што со воведувањето на *Постојаната политичка соработка* се трасираше патот кон процесот на создавање Заедничка надворешна и безбедносна политика на ЕУ (ЗНБП) со Договорот од Мастрихт од 1991 година, а потоа со институционализација на политичката соработка, се отвори и можноста за ефикасна мултилатерална активност на Унијата.

*Третата генерација* регионални интеграции се однесува на предвидувањата кои врз досегашните интегративни искуства, укажуваат на можните правци за понатамошна интеграција. Според предвидувањата, овој вид интеграции треба да претставува чекор напред од претходните и тоа во три области: 1) дооформување и консолидирање на институционалните форми кои се насочени кон надворешните аспекти на регионалната политика; 2) регионите треба да станат многу поактивни и проактивни во однос на глобалната политика и проблематика; и 3) регионите треба да станат многу поактивно и поефикасно ангажирани во рамките на ООН.

## БЕЗБЕДНОСЕН КОМПЛЕКС

Воспоставувањето и развојот на концептот за безбедносен комплекс, произлегува од потребата за промовирање на ново, средно (субсистемско) ниво за анализирање на безбедноста. Притоа, како базични причини поради кои субсистемското ниво придонесува за поефикасна анализа на безбедносните прашања, можат да се посочат следните: а) фактот дека и на ова ниво постои рефлектирање на последиците од анархичната структура на меѓународните односи; б) наспроти националното или меѓународното ниво, можноста за поедноставно објаснување на изворите на заканите и на начините за нивно менаџирање во рамките на средното субсистемско ниво; в) можноста за перципирање и предвидување на идните безбедносни промени на ова ниво (Kostecki, 1996).

Посочените причини ја отворија можноста, концептот за безбедносен комплекс да се развива и употребува како аналитичка рамка, пред сѐ во работата и истражувањата на Копенхагенската школа. Во таа насока, во бројните реализирани

анализи на претставниците на оваа школа, констатирани се два дополнителни аналитички предности на концептот:

1. според моделот за безбедносен комплекс аргументирано може да се отфрлат тврдењата дека улогата на големите сили во развојот на безбедноста на локално ниво е пресудна, односно може да се тврди дека за развојот на безбедноста, исто така, треба сериозно да се земат предвид и улогата и влијанието на локалните фактори;

2. со воведувањето на идејата за основна структура на безбедносниот комплекс, се креира основа за идентификување и процена на промените на регионалните параметри на безбедноста (Graham and Felicio, 2006).

Во рамките на Копенхагенската школа, најупотребуваната дефиниција за безбедносниот комплекс е креирана од страна на Бери Бузан (Barry Buzan), според кој безбедносниот комплекс претставува „група држави чии примарни (најголеми) безбедносни перцепции и грижи се меѓусебно доволно поврзани (меѓузависни), така што нивната национална безбедност (безбедносни проблеми) не можат реалистично (разумно) да бидат анализирани една без друга (Buzan, 2003: 41).

Во контекст на оваа дефиниција, концептот за безбедносен комплекс начелно се поставува во рамките на регионалните безбедносни студии. Притоа, при неговото објаснување се тргнува од фактот дека вообичаено, но не и задолжително, него го сочинуваат соседски држави, или како што посочува Бузан, држави кои сочинуваат одреден географски ентитет. Сепак, треба да се истакне дека „физичкото соседство“ не го дефинира безбедносниот комплекс. Напротив, тоа се заедничката ранливост и заедничките грижи на државите во однос на ризиците и заканите по нивната безбедност. При теориската анализа и објаснување на безбедносниот комплекс, значајно е да се дефинира и терминот регион како дел од овој концепт. Во таа насока, регионите од безбедносен аспект не претставуваат единствено групи на држави, туку пред сè развиена мрежа од поврзувања, релации, конекции и чувства за заеднички регионален идентитет (Wæver, 2003). Како резултат на тоа, често се истакнува дека регионот го детерминираат повеќе компоненти: 1) *актери* – регионите се формација која ја сочинуваат повеќе актери; 2) *релации помеѓу актерите* – основна карактеристика е нивната меѓузависност; 3) *простор* – географскиот опфат и кохерентност на формацијата; и 4) *време* – траењето/одржливоста на овие облици.

Тргнувајќи од теоријата за регионални безбедносни комплекси, Бузан и Вивер посочуваат дека основната структура на регионалниот безбедносен комплекс се базира на четири клучни елементи:

1) *границите* на регионалниот безбедносен комплекс кои го одвојуваат од неговите соседи;

2) *анархичната структура,* односно регионалниот безбедносен комплекс мора да е составен од две или повеќе автономни единици;
3) *поларноста*, односно распоредување на моќта помеѓу единиците;
4) *социјалните релации/конструкции* кои го опфаќаат односот пријател/сојузник/непријател помеѓу единиците (Buzan and Wæver, 2003: 51).

## ВИДОВИ БЕЗБЕДНОСНИ КОМПЛЕКСИ

Според општоприфатената теориска класификација за регионалните безбедносни комплекси, тие генерално се делат на: *стандардни* и *централизирани* (Георгиева, 2010). Стандардните регионални безбедносни комплекси ги сочинуваат две или повеќе сили и начелно се ориентирани кон воено-политички безбедносни проблеми и прашања. Распределбата на моќ во овој случај може да биде униполарна или мултиполарна, односно стандардниот безбедносен комплекс може да содржи една или повеќе регионални сили. Сепак, наспроти регионалните сили во негови рамки не е присутна глобална сила (на пр. во Африка, Средниот Исток, Јужна Америка, Јужна Азија). Тука е возможно да се направи разлика во однос на внатрешните динамики, како и во однос на влијанието на надворешните фактори т.е. на големите сили. Во однос на заемните релации, тие можат да бидат конфликтна формација, безбедносен режим или безбедносна заедница. За овој вид комплекси, клучно безбедносно прашање претставуваат внатрешните релации помеѓу регионалните сили.

Централизираните регионални безбедносни комплекси можат да се јават во неколку различни форми. Првите две форми, претставуваат специфични случаи во кои регионалните безбедносни комплекси се униполарни, но клучниот актер е голема сила или супер сила (на пр. САД во Северна Америка). Третата форма на овој вид безбедносен комплекс се разликува од претходните две. Имено, таа претставува регион интегриран преку институции, а не преку една супер сила. Пример за тоа е ЕУ, која може да се третира и како голема сила, но и како форма на регионална безбедносна заедница. Во таа насока, регионалните безбедносни комплекси мора да поседуваат динамика т.е. процес на секуритизација и во тој случај, актерите во регионот меѓусебно се секуритизираат (Георгиева, 2009). Наспроти тоа, во моделот на безбедносна заедница, актерите спроведуваат десекуритизација т.е. ја елиминираат перцепцијата за меѓусебни непријатели.

## БЕЗБЕДНОСНА ЗАЕДНИЦА

Во најширок теориски аспект, концептот за безбедносна заедница подразбира дека и на меѓународно ниво, актерите (државите) можат да споделуваат различни вредности, норми и симболи преку кои се формира нивниот специфичен социјален

идентитет. Во прилог на тоа е и фактот дека во меѓународните односи, државите се поврзани преку различни интеракции во безброј сфери во кои имаат заеднички интерес, прават реципроцитет и градат доверба или пак се справуваат со стравот и недовербата. Концептот за безбедносна заедница, уште во 1957 година, прв го елаборирал Карл Дојч (Karl Deutsch). Според него, безбедносната заедница претставува „група луѓе кои се интегрирани до тоа ниво што меѓу нив постои вистинско заемно уверување дека членовите на таа заедница нема да се борат меѓусебно со сила, туку на поинаков, мирен начин ќе ги решат меѓусебните спорови" (Deutsch и соработници, 1957:32).

Студијата на Дојч, прави разлика помеѓу „обединети т.е. фузирани" и „плуралистички" безбедносни заедници. Во фузираните безбедносни заедници, претходно независните единки, формираат поголема единка, со заеднички орган т.е. влада. Во тој контекст, фузираните безбедносни заедници претставуваат релативно слични федерации со наднационалните централни влади. Како пример на фузирана безбедносна заедница, Дојч ги посочува САД, додека ЕУ според него претставува регионална организација која што го рефлектира идеалот на една ваква заедница (Deutsch и соработници, 1957). Како основни карактеристики на фузираните безбедносни заедници можат да се посочат: заедничката компатибилност на главните вредности; нераскинливите врски на секаков вид општествена соработка; развиените географски и комуникациски врски помеѓу териториите; мобилноста на личноста; разновидноста на трансакции и сл.

Идеално, регионалната безбедност би била резултат на успешното градење на заедницата, основана врз заедничка намера и заеднички идентитет и базирана на реализиацијата на потребите за заеднички акции во спречување на потенцијалните и постоечките закани. Додека фузираните безбедносни заедници целосно „ветуваат" висока меѓусебна зависност, можности за мирна коегзистенција и политичка интеграција на регионално ниво, плуралистичките безбедносни заедници, можат да постигнат доверба, верување и соработка која е потребна за обезбедување мирни релации помеѓу земјите-партиципанти.

Всушност, плуралистичката безбедносна заедница ја сочинуваат независни влади кои делат одредени основни вредности и сигурни очекувања од мировните промени. Главниот двигател за градењето на вакви заедници е комуникацијата. Таа со тек на време, треба да го развие „чувството за заедница" кај индивидуалните актери на сите нивоа од социјалната структура, како и да продуцира еден континуиран динамичен процес на заедничко внимание и перцепирање на потребите и одговорностите во процесот на донесување одлуки.

Постојат три услови кои се значајни за формирањето на плуралната безбедносна заедница. Прво, неопходна е компатибилност на вредностите помеѓу

донесувачите на одлуки. Второ, треба да постои увереност за заедничката предвидливост на однесувањето на донесувачите на одлуки за деловите кои треба да бидат интегрирани. Трето, плуралистичката безбедносна заедница се карактеризира со заеднички одговорности, што претставува многу поодговорна цел за регионалната интеграција. Врз основа на посочените услови, може да се констатира дека доколку креаторите на политиката оперираат врз основа на разбирањето дека опсегот на традиционалната безбедност е реално проширен, дека истиот вклучува повеќе закани отколку непријатели и паралелно со тоа дека ги опфаќа економските, политичките, културните, човечките и предизвиците за животната средина, тогаш потенцијалот за безбедносна соработка и за креирање на плуралистичка безбедносна заедница, во голема мера е унапреден. Сепак, ваквата широка безбедносна агенда треба да биде усвоена од страна на донесувачите на одлуки, од политичките елити и креаторите на мислења кои поседуваат капацитет за создавање клима на заеднички потреби и заеднички одговорности. Всушност, доколку проширеното разбирање на безбедноста води кон пософистицирано разбирање на безбедносните потреби и кон прифатливи безбедносни провајдери и доколку безбедносните провајдери имаат желба и се во можност да ги координираат нивните активности, тогаш стабилноста во даден регион може да се базира на цврста основа.

Теориската анализа на концептот за безбедносни заедници, препознава повеќе објаснувања зошто државите ја отфрлаат војната. Според Неореалистичкиот теориски пристап, главната причина за тоа произлегува од улогата на силата и нејзината одвраќачка функција. За неолибералниот институционализам, отрлањето на војната се должи на воспоставувањето норми и институции преку кои државите ги остваруваат заедничките интереси. Теоријата за демократски мир, го поддржува убедувањето дека поради специфичното политичко уредување и демократските принципи, демократиите меѓусебно не војуваат. Теоријата за безбедносни заедници укажува дека државите во безбедносната заедница покрај националниот, споделуваат и заеднички идентитет заедно со нормите и вредностите кои го сочинуваат. Тие наместо да се подготвуваат за организирано насилство и безбедносна акција која од другите држави може да се протолкува како воена закана, во безбедносната заедница функционираат механизми преку кои ќе ги разрешат проблемите без употреба на сила. Во таа смисла, според Вивер, Западна Европа во почетокот од нејзините интегративни процеси претставувала невоена заедница, која во подоцнежниот временски период се развила во збир/синтеза од воена и невоена безбедносна заедница (Wæver, 2003).

## ЗАКЛУЧОК

Современите безбедносни аспекти неминовно ја наметнуваат потребата за еден сеопфатен пристап кон безбедноста. Во тој контекст, особено внимание треба да се посвети и на нивоата за анализа на безбедноста. Притоа, треба да се има предвид дека покрај националното и меѓународното ниво (кои беа доминантни во периодот на Студената војна), значајни можности за анализирање на безбедносните динамики и предизвици, нуди и средното/субсистемско т.е. регионално ниво. Всушност, примената на ова ниво обезбедува надминување на вакуумот (карактеристичен за XX век) во објаснувањето на безбедносните појави и процеси. Тоа од причина што и на регионално ниво, се реализираат бројни динамики и релации помеѓу актерите т.е. државите, кои имаат соодветно влијание врз нивната безбедност. Од теориски аспект, соодветна можност за анализирање и објаснување на релациите и динамиките помеѓу државите во безбедносен контекст на регионално ниво, нудат токму концептите за безбедносен комплекс и безбедносна заедница. Притоа, основната теза и на двата концепта во објаснувањето на посочените релации, претставува ставот дека покрај на национално и меѓународно, безбедноста мора да се анализира и реализира и на регионално ниво, каде што истата има правопропорционален однос со степенот на развиени меѓусебни релации помеѓу државите, како и со степенот на нивната свест за прифаќање на заедничките стравови, грижи и одговорности. Потврда за тоа се интеграциите на државите во Европската унија, кои меѓу другото имаат за цел: одржување и проширување на европската безбедносна заедница и поефикасна заштита на виталните национални интереси на европските држави во поширoки меѓународни рамки.

## ЛИТЕРАТУРА

Assembly of European Regions. (1996) Declaration on Regionalism in Europe. Basel: Assembly of European Regions. http://www.un.org/en/documents/charter/chapter8.shtml (посетен на 20.05.2012).

Buzan B. Wæver O. (2003) Regions and Powers: The Structure of International Security. New York: Camridge University Press.

Cooper, A. (2008) Regionalisation and Global Governance. New York: Routledge.

Deutsch K. Burrell S. Kann R. Lee M. Lindgren R. Loewenheim F. Wagenen R. (1957) Political Community and the North Atlantic Area: International Organization in the Light of Historical Experience. Princeton: Princeton University Press.

Георгиева, Л. (2010) Европска безбедност. Скопје: Филозофски факултет.

Георгиева, Л. (2009) Менаџирање на ризици. Скопје: Филозофски факултет.

Graham K. Felicio T. (2006) „Regional security and Global Governance: A proposal for a Regional-Global Security Mechanism“. Brusels: Brusels University Press.

Kostecki, W. (1996) Europe After The Cold War – The Security Complex Theory.Warsaw: Institute of Political Studies, Polish Academy of Sciences.
Langenhove, D. (2003) Theorizing Regionhood. Brugge: United Nations University-Comparative Regional Integration.
Popovic, D. (2002) „European regionalism". Munich: Institut du Federalisme.
Simma B. Hermann M. (1995). „The United Nations Charter, a commentary". New York: Oxford University Press.
United Nations (1945) Charter of the United Nations. San Francisco: United Nations